Република Македонија
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Организација на жените
на општина Свети Николе
www.womsvetinikole.org.mk

# ЛОКАЛНА СТРАТЕГИЈА ЗА МЛАДИ

# НА

# ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ

ДЕКЕМВРИ 2007 ГОДИНА

Издава:

Организација на жените на општина Свети Николе

ул. "Цветан Димов"бр. 14

2 220 Свети Николе

тел/факс:032/444 620

**www.womsvetinikole.org.mk**

Автори:

Млади членови на Младински центар при Организацијата на жените на општина Свети Николе,
Млади преставници од руралните средини на општината,
Млади од други НВО од Општината,
Ученици од СОУ Кочо Рацин Свети Николе и
Претставник на Локалната самоуправа

Дизајн и компјутерска обработка:

Билјана Димова

Лектор:

Златева Вера

Рецензент:

Сандева Радмила

Богатинов Александар

Печати:

Цвај Дизајн

Тираж:

200 примероци

Овој проект е подржан од:

Министерство за финансии при Република Македонија

ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# ЛОКАЛНА СТРАТЕГИЈА ЗА МЛАДИ НА ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ

*Младите луѓе се способни да превземаат одговорност за сопствениот живот и да решаваат за сите прашања кои ги засегаат, на сите нивоа. Развојот и јакнењето на цивилното општество, волонтерските и општествените здруженија се неопходен чекор во промоцијата на одговорно граѓанство и гаранција за демократијата. На оваа способност треба да и се дозволи вистинската изразна форма, во која младинските здруженија, како и активностите кои тие ги превземаат ја имаат централната улога.*

## ДЕФИНИРАЊЕ НА ПРОБЛЕМИТЕ И ИДЕНТИФИКУВАЊЕ НА ПОТРЕБИТЕ НА МЛАДИТЕ

Локалната младинска стратегија е изработена врз основа на стратешките цели од Националната младинска стратегија и од направеното истражување за состојбата на младите во општината.

Општина Свети Николе брои 18497 жители, од кои 4559 се млади на возраст од 15 - 30 години, што претставува 25% од бројот на вкупното население.

Во општината работат три основни училишта, едно средно општинско училиште, како и високошколска установа - Меѓународен Славјански институт. Во СОУ Кочо Рацин учат 871 ученик од кои 56% се машки, а 44% се женски. На Меѓународниот Славјански Институт запишани се вкупно 482 студенти од кои 51% се машки, а 49% се женски.

Во општината функционираат неколку граѓански здруженија кои работат со млади како што се:
- Младински центар при Организација на жените на Општина Свети Николе;
- Извиднички одред Гоце Делчев Свети Николе;
- Еколошко друштво Изгрев Свети Николе;
- Унија на средношколци при СОУ Кочо Рацин Свети Николе;

И спортски клубови во кои партиципираат млади:
- Фудбалски клуб Овче Поле;
- Кошаркарски клуб Овче Поле;
- Ракометен клуб Овче Поле;

Под терминот ***млади*** подразбираме *посебна социо-етичка категорија на население на возраст од 15 до 30 години која е особено ранлива на социо-економските промени во општеството, и која претставува основен ресурс за развој носејќи ја критичната мисла и порив за промени и иден напредок во општеството.*

Современите текови на животот и транзицијата во општеството предизвикуваат негативни тенденции и деградација на младите. Економското осиромашување, големата стапка на невработеност ги изолира младите во сопствениот приватен свет, менувајќи ја перцепцијата на своите и туѓите вредности. Вистинските проблеми на младите се оставени во сенката на општата економска состојба, со што опаѓа и учеството на младите во јавниот живот.

Ваквите негативни тенденции се продлабочуваат со текот на времето , при што, особено се потенцира:

- негативното влијание и изложеноста на разни видови дроги,

- ерозијата на едукативниот систем и отуѓување од моралните вредности во и вон процесот на образование,
- потрагата по брза заработувачка и порастот на ситниот криминал.

На локално ниво не постојат посебни политики и програми кои ќе ги вклучат младите во општествениот живот.
Во општина Свети Николе постојат многу малку соодветни места-центри и клубови, каде младите можат да ги искажат своите креативни идеи, вештини, таленти, како и мали можности за посета на културно-уметнички манифестации и спортски натпревари. По завршувањето на образованието најчесто младите се соочуваат и со проблемот за изнаоѓање на работни места во согласност со степенот на образнование што го имаат стекнато. Како резултат на тоа се принудени често пати да ја напуштаат државата. Младите од руралните средини покрај веќе наведените проблеми се соочуваат и со проблемот за немање редовни автобуски линии, неможност да ги посетат и оние малку манифестации кои се нудат во градот.
Како резултат на тоа потребно е да се воспостават успешни механизми за партнерство помеѓу младите, НВО секторот и локалната самоуправа.

Времетраење
Времетраењето на имплементацијата на оваа Стратегија ќе биде во период од 2008-2013 година.

## МИСИЈА, ОПШТИ ЦЕЛИ НА СТРАТЕГИЈАТА

Локалната стратегија за млади на Општина Св. Николе се стреми кон подобрување на општата положба и задоволување на потребите и интересите на младите во општината. Особено важен дел од стратешките определби на стратегијата претставува признавањето на улогата на младите во развојот на Општината, како позитивна движечка сила и промотор на новите вредности.

Цели на стратегијата:

- Признавање и разбирање на потребите на младите и насочување на расположливите ресурси на општината кон задоволување на истите;
- Вклучување на младите во политичкиот, социјалниот, економскиот и културниот живот на Општината заради остварување на сопствените цели и целите на Општината;
- Потпомагање на младите во надминувањето на проблемите кои се јавуваат во текот на адолесценцијата;
- Јакнење на моралните и духовните вредности на младите;
- Запознавање на младите со нивните права и слободи како составен дел на човековите права и слободи;
- Поголема транспарентност од страна на локалната самоуправа за информации значајни за младите;
- Партиципација на младинските здруженија во работата на сите тела и комисии при локалната самоуправа.

Локалната стратегија за млади ги дефинира следните приоритети за дејствување на општинските институции и младиските здруженија на граѓани:

1. Социјален развој и социјална интеграција на младите преку квалитетно формално и неформално образование;
2. Економски развој на младите преку младинско претприемаштво;
3. Подобрување на квалитетот на живеење на младите луѓе;
4. Активно учество на младите луѓе во јавниот живот и процесите на донесување на одлуки на локално ниво;
5. Едукација на децата и младите за зачувување на здравјето и развивање на здрави животни стилови.
6. Активно учество на младите во културниот живот преку изразување на нивниот креативен потенцијал

## 1. ОБРАЗОВАНИЕ

Од анкетирањето на 500 млади во нашата општина се добиени следните резултати:

- 64% од испитаниците сметаат дека нема добри услови за учење во училиштето;
- 57% од испитаниците се изјасниле дека професорите немаат пријателски однос кон учениците;
- 31% од испитаниците сметаат дека талентирантите ученици не се праќаат на натпревари и не се вклучуваат во изработка на проекти;
- 73% од испитаниците сметаат дека не се почитува мислењето на учениците при донесувањето на одлуки во училиштето;
- 94% од испитаниците сметат дека локалната самоуправа и фирмите од нашата општина треба да ги стипендираат младите во нивното образование и едукација;

***Долгорочна цел:***

*Подобрување на квалитетот на формалното и неформалното образование на младите во општината.*

### Цели

1. Вклучување на учениците и студентите во процесот на донесување на одлуки во образовните институции;
2. Обезбедување еднакви услови за образование без оглед на материјалниот статус, пол, етничкото потекло и место на живеење;
3. Подобрување на просторните и техничките услови за работа во образовните институции
4. Промоција на неформалното образование во училиштата и надвор од образовниот систем;
5. Поттикнување на соработка со ученичките, студентските и младинските здруженија на граѓани;
6. Континуирана обука на младински лидери преку поддршка од локалната самоуправа;
7. Промовирање и информирање на младите за видовите програми на неформалното образование;
8. Програма за финансирање на проекти на младински здруженија на граѓани од областа на неформалното образование;

### Стратегии

1. Отвореност на училиштата за граѓанските програми на Здруженијата на граѓани;
2. Воведување програма за интеркултурна едукација на учениците која ќе опфати:
    - меѓу-училишни размени на ученици и взаемни посети во рамките на воншколските активности на училиштата, со посебен акцент на опфатот на руралните средини и половата и етничка еднаквост на учесниците;
    - меѓу-училишни спортски активности и натпревари на општинско ниво, опфатот на руралните средини и половата еднаквост на учесниците;
3. Редовно информирање на учениците за тековното работење на нивната образовна установа и за општите образовни процеси, преку средби и форми на взаемен дијалог и информирање;
4. Финансиска поддршка на средното училиште во реновирање, опремување и доопремување со цел создавње на поповолни услови за работа
5. Отворање на младински информативен центар во кој ќе бидат вклучени професионални кадри, млади волонтери и информативни материјали, кој ќе ја олесни одлуката на младите за избор на повисокиот степен на образование;
6. Програми за повторно враќање во училиштата, дообука или преквалификација на оние млади кои истите ги напуштиле поради проблеми на адаптација, неприлагодено однесување, болести на зависност, рана бременост, религиозни или социјални причини .
7. Програма за поддршка преку пеер едукација и пеер волонтери на ученици кои се спречени да посетуваат училиште поради подолгорочно отсуство од здравствени причини;

## 2. МЛАДИНСКО САМОВРАБОТУВАЊЕ, ПОДДРШКА ПРЕД ВРАБОТУВАЊЕ

Од анкетирањето на 500 млади во нашата општина се добиени следните резултати:

- 72% од испитаниците сметаат дека по завршувањето на образованието немаат доволно соодветни работни места во нашата општина, а само 2% сметаат дека има;
- 98% млади сакаат да биде формиран Фонд кој ке послужи за едукација на младите при формирањето на мали и средни претпријатија како и за самовработувањето;
- од анкетирањето на младите со завршено образование 30% се изјасниле како невработени, а 23% се изјасниле како вработени а останатите 48% се сеуште ученици
- 32% сметаат дека до вработување може да се дојде преку роднини и пријатели, а 26% преку ангажман во политичка партија
- 32% се изјасниле дека не постојат добри услови за работа на работното место
- 81% од младите во анкетната анализа ја истакнуваат потребата за формирање на младински информативен центар и учество на младите во работата на локалната самоуправа

### Долгорочна цел:

Намалување на невработеноста кај младите и зголемување на можностите за вработување и самовработување.

## Цели

1. Отварање на канцеларија за економска и правна помош за корисници на кредити и даночни олеснувања за мали и средни претпријатија.
2. Формирање на Фонд кој ќе послужи за едукација и подршка на младите при формирањето на мали и средни претпријатија како и за самовработувањето;
3. Зголемување на бројот на реални и виртуелни компании во средните стручни училишта;
4. Отварање на мали и средни претпријатија и самовработување како во градот така и во селата;
5. Зајакнување на капацитетите на младите за нови знаења, претприемаштво, компјутерски вештини и странски јазици

## Стратегии

1. Програма за систематска и континуирана обука на млади луѓе кои покажале интерес за отварање на мали и средни претпријатија, особено во аграрниот сектор;
2. Партнерство помеѓу локалната самоуправа и образовните институции од една страна и приватниот сектор од друга страна заради стипендирање и вработување на младите луѓе.
3. Овозможување стручна и финансиска поддршка на младите и младинските здруженија на граѓани кои раководат со програми за обука и до/пре-квалификација на младите, учење на техники за барање на работа и образование на возрасни;
4. Програми за финансирање на проекти на младински здруженија на граѓани кои спроведуваат неформална едукација во сферата на младинското вработување, самовработување, и подобрување на работните вештини;
5. Воведување на тренинг програми за аплицирање при вработување.

## 3. КВАЛИТЕТ НА ЖИВЕЕЊЕ

Од направената анкета се добиени следните резултати:

- 83% од анкетираните се изјасниле дека не се во брачна заедница
- 52% од младите сметаат дека не постојат воопшто секции/клубови за задоволување на нивните посебни интереси
- 67% се незадоволни од спортските објекти
- 76% се незадоволни од јавниот превоз
- 56% не се задоволни од хигиената на местото за живот во нашата општина
- 85% од младите се незадоволни од туристичката понуда

**Долгорочна цел**
*Подигнато општо ниво на квалитетот, стандардот и етичките вредности на животот на младите во општината.*

**Цели**

1. Подобрување на квалитетот на спортската инфраструктура;
2. Подигање на свеста кај младите за спортот воопшто;
3. Подигање на свеста за одговорностите и обврските кон семејството, другите луѓе и општеството, правата и слободите кои младите ги уживаат;
4. Туристичка афирмација на Општина Свети Николе;
5. Развивање на селски туризам;
6. Подобрување на јавниот превоз (воведување на редовни автобуски линии, меѓуградски и локални (село-град));
7. Зголемувањето на грижата кај младите за животната средина и превземање акција за нејзина заштита
8. Креативно исполнување на слободното време на младите во корисни и социо-едукативни активности
9. Заштита на децата и младите од секаков деградирачки третман

**Стратегии**

1. Изградба на инфраструктура наменета за спортски активности со посебен акцент на бесплатен и еднаков пристап на сите млади за нивно користење;
2. Програма за спортски натпревари меѓу училиштата во општината ;
3. Програма за обнова на спортските реквизити во младински спортски здруженија;
4. Подигање на свеста на младите од страна на професорите по спорт и спортски активности со претходно изработена програма;
5. Програми за волонтерска работа на младите луѓе како дел од формалниот образовен систем, согласно образовната програма на тие ученици ;
6. Програма за едукација за правата на децата и младите воопшто преку образовните институции;
7. Кампања за подигање на свеста на младите за постоењето на детска порнографија, сексуална злоупотреба, педофилија, трговија со деца и жени и друго;
8. Изградба на патна инфраструктура и реставрација на објекти со традиционални вредности, карактеристични за средината;
9. Покренување на иницијатива за воведување на редовни автобуски линии, меѓуградски и локални (село-град);
10. Програми за подигање на свеста, обука или конкретни акции во однос на заштита на човековата околина.

## 4. ЗДРАВСТВО И ПРЕВЕНЦИЈА

Од анализата на анкетниот прашалник, младите сметаат дека постои висок процент на застапеност на општествено девијантни појави како на пример: пушење 92%, алкохолизам 85%, наркоманија 59%, проституција 34%.

Од анализата на анкетниот прашалник, младите сметаат дека постојат повеќе причини за ширење на општествено девијантните појави (наркоманија, проституција, алкохолизам и пушење) и тоа:

- недоволната информираност на младите за последиците од ваквите појави - 63%

- економската состојба - 45%
- љубопитноста - 70%
- влијание на медиумите - 35%

**Долгорочна цел:**
Зачувување на здравјето на младите и развивање на здрави животни стилови.

**Цели**

1. Едукација на младите за заштита на здравјето
2. Развивање на здрави животни стилови
3. Превенција од сексуално преносливи болести

**Стратегии**

1. Програма за едукација на младите луѓе за личното здравје и хигиена, сексуално и репродуктивно здравје, превенција од дрога, алкохол и цигари, со цел намалување на ризиците по здравјето на младите преку учење и прифаќање на здрави животни стилови, грижа и нега на сопственото здравје;
2. Финансиска поддршка од локалната самоуправа и бизнис секторот за младински здруженија на граѓани активни на полето на превенцијата и промоцијата на здрави животни стилови.
3. Континуирана програма за зголемување на безбедноста во сообраќајот, со цел подигање на свеста на населението и особено на младите за последиците од несовесното вклучување во сообраќајот.

## 5. ПАРТИЦИПАЦИЈА НА МЛАДИТЕ

- 95% од испитаниците се изјасниле за потребата локалната самоуправа и бизнис секторот во општината да партиципираат во образованието на младите преку стипендии;
- Само 1.2% од младите сметаат дека локалните институции се отворени и транспарентни кон младите во општината;
- 81% од испитаниците сметаат дека младите треба да учествуваат во работата на одредени тела на локалните институции во кои се третираат теми поврзани со младите;

**Долгорочна цел:**

Зголемено учество на младите во општествениот и јавниот живот и активно учество во донесувањето на одлуките

**Цели**
1. Отстранување на сите пречки (админстративни, јаз на генерациите, недоверба, законски и сл.) и воспоставување на канали за активно учество на младите во процесот на донесување на одлуки во општина Свети Николе.
2. Потикнување и мотивирање на младите за покренување на младински иницијативи.

**Стратегии**

1. Вклучување на претставници на младите и младинските здруженија на граѓани во работата на сите локални тела и комисии, јавни установи кои во доменот на своето работење опфаќаат сфери на интерес на младата популација.
2. Програма за едукација на младите за нивните права, слободи и одговорности како индивидуи и граѓани.

## 6. КУЛТУРА

Од направената анкета се добиени следните резултати:

- 69 % се незадоволни од културната понуда;
- 9,2 % од младите членуваат во некои културно уметнички друштва;
- 72 % од младите никогаш не одат на театар;
- 52,4% од младите никогаш не посетиле изложба;
- 34,2% од младите имаат афинитет кон музиката;
- 9,7 % афинитет кон сликарството;
- 7,6 % афинитет кон глумата;

**Долгорочна цел:**
Активно учество на младите во културниот живот преку изразување на нивниот креативен потенцијал.

**Цели**
1. Поттикнување на младите да учествуваат во културно уметнички активности, претставувања на проекти како дел од нивната едукација, професија и слободно време;
2. Развивање на креативните способности на младите.

**Стратегии**

1. Поддршка на проекти кои содржат креативни активности, препознавање, развивање и промоција на таленти и уметнички потенцијали на младите и промовираат систем за рано откривање на талентирани млади луѓе и нивно насочување во уметничките професии;
2. Промоција за учество на младите во работата на културните институции;
3. Организирање на младинско културно забавно лето кое ќе опфаќа повеќе области на делување (изложби, концерти, натпревари, семинари, тркалезни маси, екскурзии, студии и сл.);
4. Програми за младинско информирање, преку промоција на младински списанија и младински програми на радио и ТВ.

Користена и консултирана литература:

- Национална стратегија за младите на Република Македонија, изработена од Агенцијата за млади и спорт на РМ
- Спроведена анкета од Организација на жените на Општина Свети Николе
- www.stat.gov.mk

Учесници во изработката на стратегијата:
Млади членови на Младински центар при Организацијата на жените на општина Свети Николе,
Млади преставници од руралните средини на општината,
Млади од други НВО од Општината,
Ученици од  СОУ Кочо Рацин Свети Николе и
Претставник на Локалната самоуправа